# ПРОСТОР 2

## Повторно приврзување: Перцепции

## ReAffiliations: Sightings



Чифте амам - Скопје, Р.Македонија
Čifte Amam - Skopje, R. Macedonia

2003

***Повторно приврзување: Перцепции*** е патувачка изложба на седум австралиски уметници на кои постојано им се придружуваат неколку нови уметници од земјите во кои се реализира изложбата. Изложбата поврзува две значајни теми на човековиот, односно женскиот културен идентитет: **Мајката и Преселбата.**

Повторно приврзување е одраз на мнногубројните слоеви поврзани со прашањата на преселбата и мајчинството, како и нивните преоди и комбинации. Болката, љубовта, благодарноста, бесот, разбирањето, критиката, пријателството, идентитетот, блискоста, приватноста и поларитетите можат да постојат и едновремено. Освен тоа, семејните структури се под влијание на две култури: на културите на земјата од која се потекнува и на земјата во која се доаѓа. Да се биде доселеник значи да се биде туѓ цел живот: ниту "свој", ниту "нивни". Здобивањето со државјанството на новата земја е судир на туѓинецот со обичаите, верата, јазикот и со психолошките разлики на културата на "родната земја". Децата на доселениците растат во тишина што не е резултат само на разликите во јазикот. Понекогаш и тие ја споделуваат преселбата на родителите и се прашуваат каде е нивниот вистински "дом".

Прикажувањето на **Повторно приврзување** во земјите на Источна Европа претставува еден многу интересен аспект на изложбата, кој истовремено е и предизвик. Прво, составот на групата постојано се менува, но, во исто време, дозволува новите уметници целосно да се интегрираат во постојната група. Големите разлики во возраста и во уметничкиот израз на учесничките посебно го нагласуваат аспектот на зрелоста и варијациите, и се нови, провокативни предизвици и за констелацијата на изложбата и за создадените дела.

**Повторно приврзување** како изложба заснована на единствена тема, нуди нови перцепции за земјите, за нивните култури и уметност и, уште повеќе, му овозможува на целиот свет да учествува во еден настан што ги обединува сите преку единствен визуелен јазик.

Својството на "безвременост", независноста од постоењето на време, како и независноста од местото, нејзината длабочина и можноста посетителот повторно да ги анализира темата и делата, се силата на оваа патувачка изложба.

Клаудија-Марија Линих, кустос

## Учесници / Participants

Elizabeta Avramovska (Македонија)

Sini Coreth (Австрија)

Beate Hoy & Agnes Harrer (Австрија)

Wang Huqing (Кина)

Hristina Ivanoska (Македонија)

Lisa Jeong (Австралија)

Slavica Janešlieva (Македонија)

Sylvia Kranawetvogl (Австрија)

Claudia Maria Luenig (Германија)

Clare Martin (Јужна Африка)

Madelaine Neveu (Чиле)

Hanh Ngô (Виетнам)

Irena Paskali (Македонија)

Margaret Sanders (Австралија)

Maria Stukoff (Австралија)

Zora Stanèić (Босна и Херцеговина)

Eva Brunner-Szabo (Avstrija)

SPACE 2

Уметничката галерија Скопје

Ве поканува на отворањето на

**Повторно приврзување: Перцепции**
меѓународна групна изложба

Простор 2 – Чифте амам,
четврток, 18 декември 2003, 19 часот



Art Gallery Skopje

Has the pleasure of inviting you to the opening of the

**ReAffiliations: Sightings**
an international group exhibition

Space 2 – Èifte Amam,
Thursday, December 18, 2003, 7. p.m.



